Совет на Општина Делчево
Број 09- 1935/2
26.12.2024 година
Делчево

ЗАПИСНИК
од одржаната 42.седница на Советот
на Општина Делчево

Седницата се одржа на 26.12.2024 година во Мултимедијалниот центар во Спомен-домот АСНОМ во Делчево, со почеток во 09:20 часот.

На седницата присуствуваа сите 15 членови на Советот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше, претседателот на Советот, Гоце Попов, кој за 42.седница на Советот на Општина Делчево, го предложи следниот

## Дневен ред

-Усвојување на Записник од 41.седница

1. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект викенд куќа згр. бр. 1 по барање на Павле Николов;
2. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект станбена куќа згр. бр. 2 по барање на Билјана Начевска и Стојанчо Кацарски;
3. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект гаража згр. бр. 3 по барање на Билјана Начевска и Стојанчо Кацарски;
4. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект станбена куќа згр. бр. 2 по барање на Ѓорѓи Илиевски;
5. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект викенд куќа згр. бр. 1 по барање на Антон Вангелов;
6. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект станбена куќа згр.бр.2 по барање на Александар Стојчевски;
7. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект станбена куќа, згр.бр.1 по барање на Лупчо Карафатски;
8. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект викенд куќа згр.бр.1 по барање на Ванчо Тренчовски;
9. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект станбена куќа, згр.бр.1 по барање на Славчо Георгиев;
10. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект помошен објект, згр.бр.1 по барање на Славчо Георгиев;

11. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект викенд куќа згр.бр.1 по барање на **Душан Атанасов;**

**Образлагач:** Андријана Соколовска помлад соработник за уредување на градежно земјиште.

12.Предлог-Програма за образование на Општина Делчево за 2025 година;

**Образлагач:** Ванчо Новоселски-Советник за образование.

13.Предлог-Програма за спорт на општина Делчево за 2025 година;

14. Предлог-Програма за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор во 2025 година;

**Образлагач**: Ивана Ивановска-Раководител на Одделение за општи и правни и јавни дејности;

15. Предлог-Програма за извршување на јавни работи во Општина Делчево за 2025 година;

**Образлагач:** Џулиета Мемедова- Самостоен референт за безбедност и здравје при работа.

16.Предлог-Програма за активностите на Општина Делчево од областа на превенција, заштита и спасување од елементарни и други непогоди;

**Образлагач:** Кире Цоневски- соработник за превенција и справување со кризна состојба и заштита и спасување

17. Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2025 година;

18. Предлог-Одлука за финансиска поддршка по барање УП1 бр.21-290 од 17.10.2024;

19.Предлог- Одлука за парична помош по барање УП1 бр.21-329 од 21.11.2024;

20. Предлог- Одлука за парична помош по барање УП1 бр.21-333 од 26.11.2024;

21. Предлог- Одлука финансиска поддршка по барање УП1 бр.21-317 од 15.11.2024;

22. Предлог- Одлука за парична помош по барање УП1 бр.21-342 од 03.12.2024;

**Образлагач:** По точките од 17 до 22-Гоце Попов, претседател на Советот.

23. Предлог-Буџет на Општина Делчево за 2025 година;

24. Предлог-Одлука за измена на Одлука за одобрување на Планот на програми за развој на Општина Делчево за 2025 година;

25. Буџетски календар

26. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година;

27.Предлог-Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2025 година;

**Образлагач:** Ана Ситновска Димитровска-Раководител на Одделение за буџет, администрирање на даноци и сметководство.

28. Годишен план за вработување на ЈКП „Брегалница“ за 2025 година;

29. Предлог-Одлука за парична помош по барање УП1 21-361 од 19.12.2024;

Претседателот отвори расправа по дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а дневниот ред ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот го усвои дневниот ред за 42.седница.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 41.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записникот ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“ Записникот беше усвоен.

**Прва точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект викенд куќа згр. бр. 1 по барање на Павле Николов;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска.

Претседателот отвори расправа по точката.
Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката беше ставена на гласање.
Со 14 гласа „ЗА" и 1 „ВОЗДРЖАН", Одлуката беше донесена.

**Втора точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект станбена куќа згр. бр. 2 по барање на Билјана Начевска и Стојанчо Кацарски;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска.
Претседателот отвори расправа по точката.
Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката беше ставена на гласање.
Со 14 гласа „ЗА" и 1 „ВОЗДРЖАН", Одлуката беше донесена.

**Трета точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект гаража згр. бр. 3 по барање на Билјана Начевска и Стојанчо Кацарски;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска.
Претседателот отвори расправа по точката.
Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката беше ставена на гласање.
Со 14 гласа „ЗА" и 1 „ВОЗДРЖАН", Одлуката беше донесена.

**Четврта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект станбена куќа згр. бр. 2 по барање на Ѓорѓи Илиевски;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска.
Претседателот отвори расправа по точката.
Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката беше ставена на гласање.
Со 14 гласа „ЗА" и 1 „ВОЗДРЖАН", Одлуката беше донесена.

**Петта точка- Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект викенд куќа згр. бр. 1 по барање на Антон Вангелов;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска.
Претседателот отвори расправа по точката.
Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката беше ставена на гласање.
Со 14 гласа „ЗА" и 1 „ВОЗДРЖАН", Одлуката беше донесена.

**Шеста точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект станбена куќа згр.бр.2 по барање на Александар Стојчевски;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска.
Претседателот отвори расправа по точката.
Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката беше ставена на гласање.
Со 14 гласа „ЗА" и 1 „ВОЗДРЖАН", Одлуката беше донесена.

**Седма точка- Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект станбена куќа, згр.бр.1 по барање на Лупчо Карафатски;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска.
Претседателот отвори расправа по точката.
Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката беше ставена на гласање.
Со 14 гласа „ЗА" и 1 „ВОЗДРЖАН", Одлуката беше донесена.

**Осма точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект викенд куќа згр.бр.1 по барање на Ванчо Тренчовски;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска.
Претседателот отвори расправа по точката.
Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката беше ставена на гласање.
Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Одлуката беше донесена.

**Деветта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект станбена куќа, згр.бр.1 по барање на Славчо Георгиев;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска.
Претседателот отвори расправа по точката.
Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката беше ставена на гласање.
Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Одлуката беше донесена.

**Десетта точка- Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект помошен објект, згр.бр.1 по барање на Славчо Георгиев;**

**Единаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект викенд куќа згр.бр.1 по барање на Душан Атанасов;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска.
Претседателот отвори расправа по точката.
Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката беше ставена на гласање.
Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Одлуката беше донесена.

**Дванаесетта точка-Предлог-Програма за образование на Општина Делчево за 2025 година**;

Образлагач по оваа точка беше Ванчо Новоселски-Советник за образование кој истакна дека оваа програма се донесува за првпат. Истата е развојна, културна и родово сензибилна. Програмата за образование за 2024 година на Општина Делчево дефинира повеќе приоритетни активности од областа на образование кои имаат за цел да придонесат за унапредување на целокупното образование за добробит на граѓаните на Општина Делчево.

Целите на програмата се јасно определени и од родов аспект, со вклучени согледувања од направените проценки на потребите и приоритетите на различните целни групи, вклучително специфичните потреби на жените и на мажите, односно на девојчињата и на момчињата.

Бидејќи истата е доста обемна и дека советниците сигурно ја рзгледале, тој рече дека нема многу да должи и доколку советниците имаат прашања, ќе даде одговор.

Претседателот отвори расправа.

За збор се јави Иван Гоцевски кој ја пофали Програмата, рече дека истата е добро изработена, сеопфатна и праша зошто нема податоци за тоа кој ја изготвил истата. Исто така, тој рече дека според него можеби треба прво да се донесе буџетот, па потоа програмата и дека треба да се зголеми бројот и износот на стипендии.

Сашко Ивановски исто така упати пофални зборови за Програмата и предложи во неа да се вметне доделување на стипендии за деца со посебни потреби (или со пречки во развојот), по 1.500 денари за секое дете. Тој спомна дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ поднела таква иницијатива, но истата била одбиена.

Ванчо Новоселски кажа дека Програмата била изготвена од страна на него, Даниела Такева и Ивана Ивановска, а што се однесува до предлогот на С.Ивановски тој истакна дека истиот е добар,

но подобро е да се почека носењето на новиот закон за средно образование, а воведувањето на нови стипендии за оваа категорија може да се предвиди и со Правилник.

Сунчица Ѓорѓиева предложи да се обрне внимание на одливот на ученици во средното училиште, да се размисли конечно за воведување на нови насоки кои се попривлечни за учениците и да се зголеми износот на ученичките стипендии бидејќи според неа, сегашниот износ е многу мал.

Ванчо Новоселски истакна дека дискусијата на советничката е во ред, и дека тој се залагал и предлагал зголемување на износот, но сега засега тој останува ист. Што се однесува до уписната политика на СОУ „М.М.Брицо“ тој истакна дека сугерирал некои работи и досега, но дека тоа е сепак во надлежност на раководниот тим на гимназијата.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Истата беше усвоена со 15 гласа „ЗА“.

Тринаесетта точка-Предлог-Програма за спорт на општина Делчево за 2025 година;

Оваа точка ја образложи Ивана Ивановска-Раководител на Одделение за општи и правни и јавни дејности која истакна дека и оваа програма се изработува за првпат. Општина Делчево ја изготвува Програмата за спорт со цел да овозможи транспарентна поддршка и да даде свој придонес во развој на спортот во Делчево и промоција на вредностите од практикување на спортски активности како здрав начин на живот што има посебно влијание врз правилниот раст и развој на младата популација. Програмата за активности во областа на спортот во Општина Делчево за 2025 година дава можност на локалните спортски клубови да предлагаат сопствени програмски активности преку јавен повик и да добијат финансиска поддршка од Буџетот на Општината. Изборот на програмските активности ќе го вршат Комсијата за спорт и согласно со процедурите предвидени во Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани

Со Програмата се зајакнува улогата на училишните спортови и развој на здравите навики кај учениците преку поддршка на Федерацијата на училишни спортови. Дополнително, преку оваа Програма се обезбедуваат награди за ученици и ученички - талентирани спортисти и спортистки од основните и средното училиште во градот за постигнати особени резултати на државни или меѓународни спортски натпревари. Општината во рамки на Програмата дава еднаков пристап на сите, со правилна распределба на локалните клубови со машки и женски членови, но дополнително дава можност за вклучување и на лицата со попреченост кои ќе можат да бидат дел од активностите кои ги организира Општината, со единствена цел овозможување на еднаков пристап за сите граѓани.

Понатаму, таа истакна дека главни цели на програмата за активности во областа на спортот во Општина Делчево за 2025 г. е афирмирање на Општина Делчево како развиена спортска општина која создава услови за развој и поддршка на програмите за спорт, млади и спортско-рекреативните активности.Општината преку организациската поставеност на активностите во областа на спортот ќе придонесе за зголемување на опфатот со спорт на млади, жени и на лицата со посебни потреби. Одговорност на општината е да се грижи за позитивно насочување на младите луѓе и на нивно образование кон градење позитивни навики во однос на нивното целовкупно општествено делување, а со тоа и превенција од денешните пороци.Реализацијата на програмите и проектите во делот на развој на спортско-рекреативните активности, односно спорт за сите ќе придонесат поголема масовност и можност на граѓаните за учество и стекнување на основните спортски вештини, како што се: моториката, спортското здравје итн.Преку организирањето на систем на натпревари и други спортски манифестации ќе се создаваат услови за настапи во земјата и во странство на наши истакнати спортисти и на млади спортски надежи како и развој и поддршка на програмите за спорт и рекреација на лицата со инвалидитет и лицата со интелектуална попреченост и пречки во развојот. На крајот таа накусо ги презентираше –планираните активности на Општина

Делчево во 2025 година и ги објасни постапката за доделување на средства на спортските клубови, како и постапката за избор на најдобар спортист, тренер и екипа.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Иван Гоцевски кој упати пофалба за изработката и на оваа програма, но имаше забелешка за планираните средства, однсно смета дека 900.000 денари се навистина малку. Тој рече дека ако се погледне оваа програма ќе се види дека 695 члена има во спортските клубови и 588 во училишните спортски клубови што е околу 1300 члена. Тоа е 10% или 1/10 од вкупното население кое за занимава со спортски активности. Тој рече дека како недостаток на оваа програма го смета тоа што нема податоци за тоа кои од спортските терени се во функција, кои не и напомена дека голем дел од пешачките и рекреативните патеки што се ставени во Програма се непознати за луѓето, т.е. фали малку повеќе маркетинг/промоција на истите. Исто така имаше забелешка на фактот што голем дел средства кои биле предвидени за спортските клубови и за кои Советот има донесено одлуки, не се исплатени.

Ивана Ивановска рече дека се согласува оти средствата се можеби малку, но тоа е. Таа цифра е земена од претходни години и никогаш не била поголема. Исто така се согласува дека треба поголема промоција.

Претседателот на Советот, Гоце Попов ја праша Ивана Ивановска дали договорите што ги склучуваат спортските клубови имаат обврзувачки карактер за Општина Делчево и дали е во ред ако 10% од населението во Делчево се бави со спортски активности да се планираат само 900.000 денари што е помалку од новогодишната елка. Жално е што спортот, како и многу други работи (неисплатени средства по одлуки на Совет на спортски клубови и на наши сограѓани), зависат од волјата на поединци, односно оставено е се на милоста или немилоста на градоначалникот. Ниту спортот ниту паричната помош не смеат да зависат од волјата на еден човек, рече тој.

Тони Стаменковски исто така реагираше на малата сума предвидена за спортот со оваа Програма. Тој рече дека 1.236.000 денари се трошат за репрезентации на градоначалникот, а за 1/10 од населението кои се занимаваат со спорт и спортски активности само 900.000 денари, тоа е срам, тоа е апсурдно, рече тој.

Сашко Ивановски истакна дека од сите (8) спортски игралишта само 2 се во функција. Другите спортски игралишта, експонати, опрема и справи се во лоша состојба и не се во функција. Дури ни тоа што е направено прретходно, општината не е во состојба да го одржува, а на пак нешто да се изгради.

Иван Гоцевски рече дека сите дискусии и констатации на советниците се во ред и за пофалба, ккао и резултатите на спортските и училишните клубови.Спортот во Делчево се враќа на голема врата и спортот треба и мора да има поголема поддршка.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа Програма.

**Четиринаесетта точка-Предлог-Програма за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор во 2025 година;**

Образлагач и по оваа точка беше Ивана Ивановска-Раководител на Одделение за општи и правни и јавни дејности која рече дека и оваа програма се донесува за првпат. На почетокот таа ги образложи законските основи за донесување на оваа програма. Главна цел на Програмата за

активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор за 2025 г. е промовирање, поддршка и унапредување на партнерските односи помеѓу Општина Делчево и граѓанскиот сектор (здруженијата и фондациите), преку мерки за зајакнување на заемната соработка. Преку оваа Програма се дава придонес кон мотивацијата на граѓанските организации за нивна работа во интерес на заедницата и партнерство со Општината во креирањето на општинските локални развојни политики. Со оваа Програма, Општина Делчево разработи рамка за идни активности кои ќе овозможат понатамошно зајакнување и развој на соработката со граѓанскиот сектор. Исто така, се поттикнува граѓанскиот активизам во општината, се унапредува соработката со организациите и се дава придонес кон нивен постојан развој. Овој документ и активностите предвидени во него ќе претставуваат водечка рамка за политиката на општината кон граѓанскиот сектор и кон поттикнување на граѓаните да се вклучат во креирањето на локалните политики. Општина Делчево посветено работи и поседува голем број локални документи од стратешко значење за Општината, а граѓанскиот сектор активно учествувал во нивната изработка и во планирањето на мерките и активностите, како и во нивната имплементација, истакна И.Ивановска.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа Програма.

**Петнаесетта точка-Предлог-Програма за извршување на јавни работи во Општина Делчево за 2025 година;**

Образлагач по оваа точка беше Џулиета Мемедова- Самостоен референт за безбедност и здравје при работа. Таа истакна дека од 2005 година па се до денес работи на оваа Програма со разлика што досега ваквите програми ги донесувал градоначалникот. Првпат ваква програма се донесува на Совет. Оваа програма има за цел да го подобри квалитетот на живеење на граѓаните кои живеат на територијата на општината преку ангажирање на невработените лица од социјален ризик на возраст од 30 години до 64 години преку нивно директно извршување на задачи од областа на заштитата на животната средина и природата,како и одржување на јавната инфраструктура и локалните патишта и улици на територијата на Општина Делчево,планирање и чистење на банкини,патни канали,патниот појас на локалната мрежа во Општина Делчево,кастрење на вегетацијата,чистење на наноси од земја и песок.Горенаведените работи се од јавен интерес за граѓаните од општината,заради што се планира нивно извршување со времено ангажирање на работници согласно член 84 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и ги наведе активностите кои се предвидуваат во 2025 година.. Во продолжение таа зборуваше за реализираните активности во 2024, при што ги спомена сите активности кои се завршени со претходната програма Доколку имате прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Гоце Попов, претседател на Советот кој рече дека како што слушнал од образлгачот градоначалникот е надлежен за спроведувањето на оваа програма и праша дали изградените тоалети на планината Голак се согласно законската регулатива (Законот за градење), дали има одобрение, дали има проект, која ја определил локацијата, дали се во согласност со постоечкиот ДУП и како е решена фекалната канализација Тој побара одговор од образлагачот.

Џулиета Мемедова рече дека на овие прашања ќе одговори писмено.

Сашко Ивановски му се заблагодари на претседателот на Советот за квалитетно поставените прашања во врска со изградбата на тоалетите и рече дека во оваа програма како што можел да забележи не се планираат средства за одување на спортските терени и опрема бидејќи се планирани само 30.000 денари.

Џ.Мемедова истакна дека преку оваа програма години наназад се вршело фарбање и поправање на спорски реквизити, косење на терени со средствата кои биле на располагање. Можеби

се малку и треба повеќе, но такви биле можностите. Инаку, делќевската јавност многу често е сведок на немили настани, вандалско однесување, кршење и уништување на урбана опрема и реквизити. Минатата година заради изборите, со оваа програма немало многу активности. Таа рече дека на наредна седница ќе поднесе извештај за раеализација на оваа програма.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на општина Делчево ја донесе оваа Програма.

**Шеснаесетта точка-Предлог-Програма за активностите на Општина Делчево од областа на превенција, заштита и спасување од елементарни и други непогоди;**

Образлагач по оваа точка Кире Цоневски- соработник за превенција и справување со кризна состојба и заштита и спасување кој рече дека во оваа Програма се опфатени мерките и активностите кои Соработникот во соработка со другите надлежни субјекти ќе ги спроведе, како и финансиската рамка која е потребна за остварување на истите мерки за 2025 година.Во насока на превенција заштита и справување од пожари првично дејствува ТППЕ Делчево, кое нешто е регулирано во Законот за заштита и спасување и Законот за пожарникари на РСМ.

Во тек е процес за редовно ажурирање на ,,Просторните сили,, при општина Делчево, кои како единица се регулирани во Законот за заштита и спасување и мометално броји 20 припадници. За дооспособување и обновување на овие сили и нивно ставање во потполна функција, потребно е превземање на неколку мерки и активности за кои се потребни материјално-финансиски средства од Буџетот на општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот ја донесе оваа Програма.

**Седумнаесетта точка-Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2025 година;**

Точката ја образложи претседателот на Советот и претседател на Комисијата за изработка на Програма за работа на Советот кој истакна дека Надлежностите на Единиците на локалната самоуправа, утврдени во Законот за локална самоуправа, Статутот и Деловникот на Советот претставуваат основа за донесување на Програмата за работа на Советот на Општината Делчево за 2025 година. Со цел да обезбеди услови за остварување на надлежностите и извршување на својата функција, како и обезбедување на пристап на сите заинтересирани субјекти, Советот ја програмира својата работа, при тоа на транспарентен начин презентирајќи ги основните насоки по кои ќе се раководи во текот на 2025 година. Програмата во текот на целата година ќе биде отворена за секој нов предлог и истиот ќе биде добродојден, ако тоа значи збогатување и подобрување на нејзиниот квалитет. Врз основа на доставените предлози од овластени органи кои се јавуваат како изготвувачи и предлагачи на работен материјал од својата област, секоја година се изготвува Програма за работа на Советот на Општина Делчево. Така е изготвена Програмата за работа на Советот на Општина Делчево за 2025 година. Тој рече дека во текот на годината ќе бидат разгледани и други материјали кои во оваа Програма не се вклучени од кои било причини. Програмата претставува насока за работа на Советот и истата е отворена за теми кои се во надлежност на локалната самоуправа. Но, исто така пред Советот може да бидат разгледани извештаи и информации кои се од важност за граѓаните на подрачјето на општина Делчево, а ги изготвуваат и предлагаат подрачните единици на државни органи. Врз основа на напред наведеното, дадените предлози и согледувањата на стручните служби во Општината Делчево, Програмата за работа на Советот за 2025 година е како што следува.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за работа на Советот на Општина Делчево за 2025 година.

Осумнаесетта точка-Предлог-Одлука за финансиска поддршка по барање УП1 бр.21-290 од 17.10.2024;

Точката ја образложи Гоце Попов, претседател на Советот.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Истата беше донесена со 15 гласа „ЗА“.

Деветнаесетта точка-Предлог- Одлука за парична помош по барање УП1 бр.21-329 од 21.11.2024;

Точката ја образложи Гоце Попов, претседател на Советот.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Истата беше донесена со 15 гласа „ЗА“.

Дваесетта точка- Предлог- Одлука за парична помош по барање УП1 бр.21-333 од 26.11.2024;

Точката ја образложи Гоце Попов, претседател на Советот.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Истата беше донесена со 15 гласа „ЗА“.

Дваесет и прва точка- Предлог- Одлука финансиска поддршка по барање УП1 бр.21-317 од 15.11.2024;

Точката ја образложи Гоце Попов, претседател на Советот.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Истата беше донесена со 15 гласа „ЗА“.

Дваесет и втора- Предлог- Одлука за парична помош по барање УП1 бр.21-342 од 03.12.2024;

Точката ја образложи Гоце Попов, претседател на Советот.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Истата беше донесена со 15 гласа „ЗА“.

По завршувањето на оваа точка бе едадена пауза, а по паузата 42.седница на Советот беше прекината во 11:00 часот.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов

Записникот го водела

Снежана Трајкова